Приговор

**До:** Рецензиската Комисија избирана со Одлука 02-5080/1 од 21.11.2018 година при Универзитет во Тетово

# ПРИГОВОР

Од кандидатот Зендели Верим од с.Неготино-Полошко, ул.„101„ бб, општина Врапчиште.

Кандидатот Зендели Верим од с.Неготино-Полошко, ул.„101„ бб, општина Врапчиште по повод објавениот конкрурс на ден 31.10.2018 година во веб страницата на Универзитет во Тетово и на дневните весници - весникот Коха и Нова Македонија, а за избор на еден наставник со наставно научно звање-доцент за предметите-Цртеж и Цртеж со сликање, на ден 01.11.2018 година ги поднесе сите документи до архивата на Универзитет во Тетово и истиот конурирал за избор на оваа позиција.

Универзитет во Тетово во Службеното гласило бр.137 под архивски бр.02-5132/1 од 27.11.2018 година објави реферат за избор на еден наставник со наставно научно звање-доцент за предметите-Цртеж и Цртеж со сликање при Факултетот за уметност студии програма ликовна уметност на Универзитетот во Тетово. Од страна на рецензиската комисија е дадено краток извештај за кандидатите кои конкурирале на погоренаведениот конкурс, при што е наведено дека во овој конкурс се јавиле тројца кандидати и тоа М-р. Дренуша Палоши, М-р.Верим Зендели и Д-р.Али Синани.

Исто така во извештајот на комисијата се наведува дека кандидатите ги доставиле сите документи кој биле предвидени како општи и посебни услови согласно огласот и дека ги исполнуваат сите услови за да учествуваат во погоренаведениот конкурс.

Исто така од страна на рецезентска комисија, е извршена оценка на кандидатите по неколку основи и тоа: Наставна образовна дејност и други педагошки активности и Стручна уметника дејност, при што кандидатот М-р.Дренуша Палоши добила вкупен број на бодови 122, кандидатот М-р.Зендели Верим добил вкупен број на бодови 104 и кандидатот Д-р.Али Синани добил вкупен број на бодови 68. При што од страна на рецензиската комисија е даден предлог на Советотот на Ректоратот на Универзитетот во Тетово на погоренаведениот конкур да се избира кандидатот М-р.Дренуша Палоши.

Незадоволен од Оценката која што е извршена од страна на рецезентска комисија која што е објавена во Службеното гласило бр.137 под архивски бр.02-5132/1 од 27.11.2018 година на Универзитет во Тетово, кандидатот М-р.Верим Зендели го поднесува овој

приговор со предлог Советото на ректоратот на Универзитетот во Тетово да го врати извештајот за оценка до рецензиската комисија со цел комисијата повторно да изврши оценка на кандидатите а во кое да ги земе во предвид сите научни истражувачки и стручно уметнички активности на кандидатот М-р.Зендели Верим, а поради слените причини:

Од страна на Рецензиската комисија во делот на оценка на кандидатот М-р.Зендели Верим за Индивидуални изложби и Групни групни изложби истиот добил само 70 бодови, а видно од Биографијата како и доказите кои се поднесени со пријавата за конкурсот неспорно може да се утврди дека кандидатото М-р.Верим Зендели има преку 50(педесет) односно истиот има 51 (педесет и една) групна изложба и 11(единаесет) индивидуални изложби.

Имено видно од оценката на Рецензиската комисија во делот на оценка на кандидатот М-р.Зендели Верим за Индивидуални изложби, комисијата извршила оценка на само 4(четри) индивидуални изложби, иако кандидатот М-р.Зендели Верим има 11(дванаесет) индивидуални изложби, односно Рецензиската комисија од 11(единаесет) индивидуални изложби кои ги има кандидатот М-р.Зендели Верим извршил оценка само на 4(четри) индивидуални изложби, а не ги зел во предвид преостанатите индивидуални изложби на кандидатот, кои се: „Destil-art gallery and workshop space„ Тирана, Р.Албанија реализирана во текот на март месец 2017 година, „Destil-art gallery and workshop space„ Тирана, Р.Албанија реализирана во текот на ноември месец 2017 година, „Site Internationale des arts„ Paris, France, реализирана во текот на 2015 година, Open Art Centar, Приштина, Р.Косово, реализирана во текот на 2011 година, Galerie „NU KOZA„ Dijon, Р.Франција, реализирана во текот на 2010 година, La Cafeotheque de Paris, gallery space in Paris, Р.Франција, реализирана во текот на 2010 година и Open studio, Cite Internacionale des Arts, Парис, Р.Франција, реализирана во текот на 2010 година.

Со оглед на тоа дека рецензиската комисија една индивидуална изложба го оценувала со 7 бодови, произлегува дека на кандидатот М-р.Зендели Верим му се скратени 49 бодови, во однос на реализираните индивидуални изложби односно рецензиската комисија не ги оценила и не ги имала во предвид 7(седум) индивидуални изложби на кандидатот.

Исто така во делот на оценка на кандидатот М-р.Зендели Верим за групни изложби, комисијата извршила оценка на само 14(четрнаесет) групни изложби, иако кандидатот М-р.Зендели Верим има 51(педесет и една) групна изложба, односно Рецензиската комисија од 51(педесет и една) групна изложба кои ги има кандидатот М-р.Зендели Верим извршил оценка само на 14(четрнаесет) групни изложби, а не ги зел во предвид преостанатите групни изложби на кандидатот.

Па со оглед на тоа дека рецензиската комисија една групна изложба го оценувала со 3 бодови, (а ако кандидатот достави и флаер или каталог, тогаш една групна изложба се оценува со 5 бодови), а од причина што кандидатот М-р.Зендели Верим има доставено

флаер и каталог за групните изложби каде што учествувал произлегува дека на истиот му се скратени 185 бодови, во однос на реализираните групни изложби, односно рецензиската комисија не ги оценила и не ги имала во предвид 37(триесет и седум) групни изложби на кандидатот.

Дека оваа е така, може да се утврди и од околноста дека при предходниот објавен конкрурс на ден 04.06.2018 година во веб страницата на Универзитет во Тетово и на дневните весници - весникот Коха и Нова Македонија, која што беше поништена, рецензиската комисија при тој конкурс изврши оценка на индивидуалните изложби на кандидатот М-р.Зендели Верим, кој се: „Destil-art gallery and workshop space„ Тирана, Р.Албанија реализирана во текот на март месец 2017 година, „Destil-art gallery and workshop space„ Тирана, Р.Албанија реализирана во текот на ноември месец 2017 година, Open Art Centar, Приштина, Р.Косово, реализирана во текот на 2011 година и „Site Internationale des arts„ Paris, France, реализирана во текот на 2015 година . Па несватливо и неразбирливо е за кандидатот, врз основа на кои критериуми за една иста работа, работи рецензиската комисија, со оглед на тоа дека предходната рецензиска комисија по предходно поништениот оглас оценува едни индивидуални изложби, сега оваа рецензиска комисија за истата работа оценува други и не ги зема во предвид голем број на индивидуални изложби на кандидатот М-р.Зендели Верим.

Исто така од страна на рецензиската комисија воопшто не е земен во предвид Наградата за сликарство која му е издадена на кандидатот М-р.Зендели Верим од страна на самиот Универзитет во Тетово од 11.06.2007 година како најдобар студент на годишната изложба на студентите на академската година 2006/2007.

Рецезенската комисија воопшто не ги земал во предвид многубројните цертификати и благодарници од разните меѓународни ликовни активности кои ги има кандидатот М-р.Зендели Верим, и тоа: Сертификат за учество на прва и втор меѓ ународен ликовен симпозиум во Струга, Благодарница од Југоисточниот Европски Универзитет во Тетово-Учесник на гупната изложба во 2006 година, Сертификат за учество на ликовната колонија- „Нови сведоци на Холокаусот„ одржана во Битола 2011 година, Меѓународниот ликовен симпозиум во Ерегли Р.Турција 2013 година. Со цел подетален преглед на сите активности и научно истражувачки дејности кои ги има реализирано кандидатот М-р.Зендели Верим во прилог на овој приговор уште една ви ја доставуваме биографијата која што предходно веќе е доставена со пријавата за конкурсот.

Од друга страна пак иако кандидатот М-р.Зендели Верим со голема почит спрема кандидатот М-р.Дренуша Палоши, зачудувачки е за истиот дека рецензиската комисија извршила бодивање на кандидатот М-р.Дренуша Палоши како да истата држела предавања односно настава иако согласно нејзината научно звање како асистент не смее да држи предавање, а од страна на комисијата по овој основ и се дадени 42 бодови. А исто така зачудувачки е како кандидатот добила звање асистент за да може да ги резлизира вежбите на кое неосновано комисијата смета дека се реализирање на предавања.

Приговор

Земајќи ги во предвид погоренаведените наводи му предалгаме на насловниот орган да го врати предметот на повторно разгледувањеа односно повторно да изврши оценка на кандидатите а во кое да ги земе во предвид сите научни истражувачки и стручно уметнички активности на кандидатот М-р.Зендели Верим со цел правилно, професионално и законито се изврши оценка да научно истражувачките активности и трудови на кандидатите, и избор на најсоодветниот кандидат односно избор на кандидат кои го заслужува работното место за кој е објавен погоренаведениот оглас.

Тетово
03.12.2018 година

Кандидат

Зендели Верим